# КУТИЈА СО СЛИКИ



Скица за "Пантеон"

**Минатиот месец во Скопје се случи настан кој градот го очекуваше веќе долго време: Културниот центар "Мала Станица" од 16 декември до 19 јануари беше домаќин на годишната изложба на Сорос центарот за современи уметности наречена "Кутија со слики"**

Користењето на видетото во пошироки, мултимедијални рамки - нешто што како идеја и концепт одамна постои во светот, неодамна имавме можност да го видиме и кај нас. Повторно како промотер на еден ваков значаен културен настан се јавува фондацијата "Сорос", се разбира во соработка со се поактивниот културен центар "Мала Станица". Што се однесува до критиките и оценките упатени кон овој проект, може без претерување да се каже дека тие скоро без исклучок беа мошне позитивни. Секако дека ова не се јави само како резултат на извонредните уметнички креации туку и поради одличната организација на целата изложба.

Инаку, на "Кутија со слики" беа претставени вкупно 17 инсталации, кои поради бројноста но и просторните барања беа поделени во три дела. Секоја мултимедијална инсталација беше поставена во една од масивните простории на центарот "Мала Станица", така што се овозможи гледачите кои поминуваа низ нив не само да ги гледаат, туку и да ги доживуваат инсталациите.

Доделувањето на наградите се оддржа на 23 јануари во Музејот за современа уметност, при што беа доделени три награди од по 2000 долари. Непосредно пред доделувањето на наградите, предавање на тема "Вовед во уметноста и теоријата на медиумите" одржа холанѓанецот Герт Ловинк, инаку гостин на каналот 103 (види интервју). Инаку, за првиот дел на изложбата беше награден проектот "Ликовна акција во природа" од Виолета Блажеска и Гордан Грабулоски, за вториот наградата ја доби Благоја Маневски за неговиот "Пантеон", а во третиот дел на изложбата за најдобра беше прогласена инсталацијата "Потенција, девијација, акт" од жанета Вангели. жирито исто така му додели специјална награда на импресивниот проект "Мистериум" подготвен од групата "Архимедијала", бездруго највпечатлива инсталација на изложбата.

За оние што не ја посетиле изложбата, да појасниме: проектот "Мистериум" поставен во третиот дел, всушност се состои од ходник на чии страни се наоѓаат извори и сензори на дисперзна светлина. Подот е претставен во вид на клавирски дирки, а на крајот на ходникот се наоѓа триаголник на кој се поставени светлосни снопови во сите бои. При движењето на посетителот низ ходникот, (поради сензорите на дисперзна светлина) стапнувањето на секоја клавирска дирка предизвикува светнување на различен светлински сноп а низ просторијата се слуша нов музички тон. На овој начин се овозможува интеракција на посетителот со неговата мултимедијална околина овозможувајќи му тој да учествува во нејзиното креирање. Така симболички се претставува еден вид патување низ просторот и времето (ова секој може сам да го интерпретира) и целото искуство е вистински незаменливо.

Но и покрај сето ова, останува впечатокот дека на изложбата



Благоја Маневски

сепак постоеја инсталации чие уметничко ниво беше далеку под очекуваното. Авторите на овие проекти очигледно не го сфатиле целосното значење и смисла на изложбата, обидувајќи се да пласираат проекти во кои навистина немаше никаква содржина, и што е најлошо тие во себе не носеа никаква порака.

Во секој случај, таквите инсталации претставуваа мошне мал дел од сето она што го покажа изложбата, а и мистериозното опкружување на темните и влажни простории на Културниот центар "Мала Станица" во голем дел ѓо неутрализира нивниот ефект. Како и да е, визуелните медиуми како најубедлив и најлесен начин да се пренесе уметничката порака до публиката, во комбинација со острите звучни ефекти и необичноста на амбиентот во овој културен центар овозможија посетата на оваа изложба да претставува вистинско доживување.

**Стефан Бужаровски**

*Герт Ловинк, Амстердам:*

# НЕШТО МОРА ДА СЕ ПРОМЕНИ!

**Неодамна во Скопје како гостин на Каналот 103 присуствуваше холанѓанецот Герт Ловинк, инаку експерт за независни медиуми. Прредавањето кое тој го оддржа непосредно пред доделувањето на наградите на изложбата "Кутија со слики" беше добра можност за разговор со него.**

*Имате патувано низ цела Европа и најверојатно имате големо искуство со развојот на независните медиуми, посебно радиото. Како би ја спорεдиле состојбатасо радиото во Скопје во однос на другите градови во Источна Европа?*

- Во однос на радио-ситуацијата, Скопје изгледа како рај. Ова е апсолутно единствениот град во Источна Европа каде толку многу се случува во однос на радиото. Бројот на станиците од сите видови е се поголем - тие практично никнуваат како печурки. Има интересни станици и во другите градови (на пр. во Белград), но Скопје навистина пријатно ме изненади. Ова исто така е и поради фактот што овде станиците се доста јасно жанровски определени, така што вие всушност имате отидено чекор понатаму во радио - еволуцијата.

*Што станува со останатите независни медиуми?*

- Во текот на посетата можев да забележам дека сепак во вашите медиуми има доста контрола од власта. Но ова сепак како еден мит кој постојано се повторува во сите инсточноевропски земји, бидејќи таквата контрола не може никого да спречи сам да се организира и да формира независен медиум. Единствениот проблем тука е што државната контрола може некого толку да фрустрира и на извесен начин да го спречи да започне своја иницијатива. Мислам дека ова е нешто што никогаш не треба да ве запре да започнете нешто ново.

*Голем дел на Вашето предавање и посветивте на меѓународната компјутерска мрежа Интернет и на нејзиниот развој. Каде би ја ставиле Македонија во овие рамки?*

- Досега во Скопје нема ниеден алтернативен, подземен BBS. Има неколку BBS-ови кои се занимаваат со размена на софтвер, но тие дефинитивно не се занимаваат со алтернативни концепти и уметност. Ова е нешто што апсолутно мора да започне во Скопје што поскоро. Во однос на Интернет мислам дека првиот чекор е луѓето да се стимулираат се повеќе да работат со компјутер. Па Македонија не е земја без компјутери! Основната работа е луѓето да се едуцираат и да се вклучуваат во овие трендови. Само на овој начин може да се формира еден круг на луѓе кои ќе се поактивно ќе се занимаваат со Интернет. Можете да зборувате и да сонувате за Интернет, но ако не знаете како се работи со модем, сите напори се беспредметни. Интернет може да и се случи на Македонија само ако постои една специфична ББС култура која ќе ја постави основата. А не треба многу да се направи за да се постигне тоа.

Тука сепак има еден мал проблем - телефонските врски. Но гледам дека инвестициите на ова поле се доста големи, така што порано или подоцна телефонскиот систем ќе се подобри. Нешто мора да се промени!

*Да се вратиме повторно на независните медиуми. Што мислите дека треба да се направи од наша страна за да се подобри целата оваа ситуација?*

- Медиумот е нешто што расте многу полека и има многу богата традиција. Таа своевидна "култура на медиумите" е нешто што се гради мошне тешко, но кога веќе постои не може да се уништи. Медиумите нудат многу можности и треба се повеќе да се експериментира. Затоа треба да се искористат таквите можности и да се отвораат се повеќе станици и да се печатат се повеќе нови весници. Ова може да звучи малку смешно ако го споредите со моќта која обично ја има државната ТВ, но од друга страна отвора нови перспективи кои порано никогаш не постоеле.

**С. Б.**

# Здраво!

Го читате првиот број на младинското списание "Медија", гласило за кое се надеваме дека ќе ја уништи монотонијата во која веќе подолго време спие средношколскиот печат. Ако помислите дека ова е "уште едно досадно младинско списание", би препорачале да ги оставите предрасудите настрана, бидејќи нашата цел овој пат беше сосема друга - да подготвиме ведар и динамичен весник кој ќе ги урне сите клишеа и стереотипи, и пред се весник кој конечно ќе донесе нешто ново.

Некој ќе рече: "нема за што да се пишува - се е веќе употребено и искористено". Но она што го нуди весникот го докажува спротивното. При неговото создавање се држевме до една цврста концепциска определба: содржината на весникот да ја екстрахираме од нашата средина и она што значи наше секојдневие, без разлика на тоа дали се работи за музика, драма или теми од животот на младите. Со други зборови, наместо препишани рецензии од "Melody Maker" и "Rolling Stone" (или написи за проблемите на американските тинејџери) да понудиме текстови за прашања кои се релевантни за нашиот живот и ќе влијаат токму врз нашата иднина. Крајно време е да се научиме да се почитуваме себеси и да размислуваме со своја глава!

Се надеваме дека ова, заедно со нашата одлука сите проблеми да ги презентираме од еден друг агол, на начин на кој за нив досега не се говорело, ќе ве натера малку поразлично да гледате кон реалноста. А тоа е првиот чекор кон решавањето на сите отворени прашања. Од нас толку, со желба дека нашата определба за професионализам, квалитет и содржина навистина ќе даде резултати. А дотогаш читајте "Медија" и имајте во предвид: времето на независните медиуми допрво доаѓа!

Главен и одговорен уредник,
Стефан Бужаровски

ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ
А.Д. ЗА ГРАФИКА, ИЗДАТЕЛСТВО
ТРГОВИЈА И СИТЕ ГРАФИЧКИ УСЛУГИ
ТЕЛ: 116-211 ФАКС: 134-972
Гоце Делчев СКОПЈЕ

# СОДРЖИНА

5 *Наша тема:* **ХАОС!**

10 *Life:* **АПОКАЛИПСА 1995**

13 *Секојдневие:* **ПРИКАЗНА ЗА СКОПЈЕ И НЕГОВАТА ИЛУЗИЈА**

18 *Од друг агол:* **НОВИ РЕЛИГИСКИ ВЕРУВАЊА**

23 *Став:* **СУБКУЛТУРАТА КАКО СПЕЦИЈАЛНА ВОЈНА**

25 *Интервју со "Анастасија":* **БЕЗ ПРЕДРАСУДИ!**

29 *Бодан Арсовски:* **НОВ АЛБУМ**

34 *Музика:* **МАКЕДОНСКИ ДОКУМЕНТ**

36 *Томислав Османли, сценарист:* **АНЃЕЛИ НА ОТПАД**

39 **ПОТРЕБНА Е ИСКРЕНОСТ!**

# МЕДИЈА

**Списание за млади**
**Број 1, Година I**
**цена: 60 денари**

**Издава:** група ученици од Гимназијата "Никола Карев", Карпош 3, б.б. Тел./факс: 251–318

**Главен и одговорен уредник:**
Стефан Бужаровски

**Редакција:**
Роза Нолчева
Кристина Егуменовска
Ана Ружин
Александра Трајковска
Марија Стефановска
Александра Ѓорѓиоска
Панда Стојановска

**Соработници:**
Алфрида Тозиева (Радио НОМА), Љубомир Стефанов (Студентско радио), Васко Марковски (Студентско радио), Дарко Петровски, Димитар Османли, Дејан Дамјановиќ, Кирил Нејков, Весна Јовановска, Јане Илиоски, Саша Станишиќ, Филип Илиев, Игор Митрушевски, Огнен Плавевски, Јасмина Котевска, Срѓан Митровиќ

**Лектура:**
Тања Андонова

**Ликовно и графичко обликување:**
Стефан Бужаровски

**Компјутерска обработка:**
Книгоиздателство "МИ –АН"

**Фотографија на насловна страна:**
Ѓорѓи Христовски – Жорж

**Маркетинг:**
Александар Петров
Јасминка Блажевска

**Печати:**
АГИТ "Гоце Делчев", Скопје

Според мислењето на Министерството за култура на Република Македонија бр. 08–128/2 од 11. 01. 1995, за списанието "Медија" се плаќа повластена даночна стапка.

*Редакцијата на "Медија" посебно му се заблагодарува на Мишел Павловски, без кој реализацијата на овој весник ќе беше невозможна.*

The *Media* magazine is published trimothly by a group of students at the Nikola Karev Gymnazium. It features articles on youth life, culture, music and art. Editor-in-chief is Stefan Buzarovski, while the editorial board consists of seven students.

OPEN SOCIETY INSTITUTE MACEDONIA
ИНСТИТУТ ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

М А К Е Д О Н С К О **ВРЕМЕ** THE MACEDONIAN **TIMES**

**Претплатете се на "Македонско време", семеен њузмагазин на македонски јазик!**
**Претплатете се на *The Macedonian Times*, семеен њузмагазин на англиски јазик!**
**БЛАГОДАРИМЕ!**

адреса: Книгоиздателство МИ-АН
ул. Иван Аговски 1/1-4
91000 Скопје, Македонија факс 091 228-345